## Департман – Надворешна трговија

Цел на студиската програма по **НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА** е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења од областа на надворешната трговија и со специфични вештини за примена на ова знаење во практиката. За остварување на овие цели студиската програма ги обработува теоретските аспекти на оваа област, фокусирајќи се и на нивната практична примена.

Со усвојувањето на сознанијата на оваа студиска програма, се очекува студентот да ги демонстрира следниве знаења, способности и вештини:

**Знаење и разбирање:**

- Демонстрира знаење и разбирање за правилата врз основа на кои функционира меѓународната економија и меѓународните трговски и финансиски институции.
- Покажува знаење за предностите и слабостите на различни теоретски концепции преточени во економски мерки и инструменти за водење на надворешнотрговската политика на одделните земји.
- Покажува знаење за специфичностите на инструментите на надворешнотрговскиот и девизниот систем и основите на политиката на девизниот курс со цел да ги препознава и анализира ефектите што овие инструменти ги имаат врз надворешнотрговската размена и билансот на плаќањата.
- Демонстрира знаење и разбирање за актуелните аспекти и процеси на регионално интегрирање во светот, особено во Европа, и нивното влијание врз современите бизнис практики.
- Демонстрира знаење за водење на самостоен бизнис во современото меѓународно окружување.

**Примена на знаењето и разбирањето:**

- Применува аналитичко-критичка апаратура за согледување на предностите и слабостите на различните теоретски концепции.
- Успешно ги интерпретира случувањата во меѓународната економија и ги толкува политиките и дејствувањето на меѓународните трговски и финансиски институции.
- Професионално ги користи инструментите на мултилатералниот трговски систем во насока на поддршка на надворешнотрговската и девизната политика.
- Ги применува знаењата за досега реализираните ефекти од процесите на регионално интегрирање за успешно вклопување на Република Македонија во ЦЕФТА-2006 и во Европската унија.
- Успешно се вклучува во спроведување на современите бизнис практики.

**Способност за проценка:**

- Покажува способност за критична анализа за предложените решенија и преземните мерки од страна на големите меѓународни организации и институции поврзани со регулацијата на меѓународните економски односи.
- Покажува способност за прибирање, анализирање, оценка и презентирање на информации за поважните аспекти на избраната надворешнотрговска политика на одделни национални економии.
- Демонстрира способност за вешто комбинирање на инструментите на надворешнотрговскиот и девизниот систем.
- Покажува способност за преземање идни чекори во насока на приближување и хармонизација на нашата земја во евроинтеграциските процеси.
- Покажува способност за препознавање на можностите за развој на успешен бизнис во современата меѓународна економија.

**Комуникациски вештини:**

- Поседува способност за професионална комуникација со професионалци од областа.
- Покажува способност да функционира ефикасно како дел од професионален тим.

- Покажува способност за независно учество во научни и професионални дискусии, како и учество во научно-истражувачки проекти.
- Поседува способност за критичка анализа на окружувањето и за предлагање мерки за надминување на конкретни проблеми со кои се соочуваат бизнисите во современата меѓународната економија.
- Поседува способност за приспособување кон правилата на функционирање на современиот бизнис.

**Вештини на учење:**

- Поседува способност за анализирање, разбирање, меморирање и истражување содржини од областа на меѓународната економија.
- Покажува интерес за активно учество во различни дополнителни форми и видови учење.
- Демонстрира способност за правилно организирање и користење на времето.
- Демонстрира способност за критичка анализа и генерирање на идеи во насока на решавање проблеми од секојдневната практика.
- Покажува интерес за континуирана едукација и професионален развој на повисоки образовни нивоа.

***Квалификација која се стекнува*: Дипломиран економист на департманот надворешна трговија.**

*Структура на студиската програма (задолжителни предмети)*

| I **СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **2 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Основи на економијата | (6+0) | 9.0 | Економика на претпријатие | (6+0) | 9.0 |
| Математика за економисти | (4+2) | 9.0 | Статистика за бизнис и економисти | (4+2) | 9.0 |
| Основи на сметководство | (4+2) | 9.0 | | | |

| II **СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **4 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Основи на менаџмент | (6+0) | 8.0 | Меѓународна економија | (6+0) | 8.0 |
| Меѓународни организации и интеграции | (4+0) | 8.0 | Економска статистика | (4+2) | 8.0 |
| Основи на дигитална економија | (4+2) | 8.0 | Интернет маркетинг | (4+2) | 8.0 |

| III **СТУДИСКА ГОДИНА** |
|---|

| 5 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ) | Неделен фонд на часови | ЕКТС кредити | 6 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН) | Неделен фонд на часови | ЕКТС кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Европски економски интеграции | (6+0) | 8.0 | Мултилатерален трговски систем | (6+0) | 8.0 |
| Стратегиски менаџмент | (6+0) | 8.0 | Единствен пазар на ЕУ | (6+0) | 8.0 |
| Надворешна трговија | (6+0) | 8.0 | Јавни финансии | (6+0) | 8.0 |

| IV **СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **8 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Меѓународни трговски трансакции | (6+0) | 8.0 | Мултилатерална трговска регулатива | (6+0) | 8.0 |
| Меѓународен маркетинг | (6+0) | 8.0 | Економски системи и глобализација | (6+0) | 8.0 |
| Економски развој | (6+0) | 8.0 | Дипломска работа | | 5.0 |
| Меѓународни финансии | (4+0) | 8.0 | | | |

*Структура на студиската програма (изборни предмети)*

| ЗИМСКИ СЕМЕСТАР | Неделен фонд на часови | ЕКТС кредити | ЛЕТЕН СЕМЕСТАР | Неделен фонд на часови | ЕКТС кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Аграрна политика | (4+0) | 6.0 | Анализа на временски серии | (4+2) | 6.0 |
| Англиски јазик I | (2+4) | 6.0 | Анализа на финансиски извештаи | (4+2) | 6.0 |
| Банкарски менаџмент | (4+2) | 8.0 | Англиски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| Банкарство | (4+0) | 8.0 | Германски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| Германски јазик I | (2+4) | 6.0 | Девизна политика | (6+0) | 6.0 |
| Деловна етика | (4+0) | 6.0 | Деловно комуницирање | (4+2) | 8.0 |
| Демографија | (6+0) | 6.0 | Деловно планирање | (6+0) | 8.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Директен маркетинг | (4+0) | 6.0 | Државна регулација | (6+0) | 8.0 |
| Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации | (4+2) | 6.0 | Економија на јавниот сектор | (6+0) | 8.0 |
| Еколошки менаџмент | (4+0) | 6.0 | Економија на работна сила | (6+0) | 6.0 |
| Економетрија | (6+0) | 7.0 | Економика на внатрешна трговија | (6+0) | 8.0 |
| Економија на инвестиции | (6+0) | 8.0 | Економско планирање | (6+0) | 7.0 |
| Економски развој | (6+0) | 8.0 | Инвестиционен менаџмент | (6+0) | 8.0 |
| Корпоративно финансиско известување | (4+2) | 8.0 | Индустриска политика | (6+0) | 6.0 |
| Макроекономија | (6+0) | 8.0 | Интерна ревизија | (4+2) | 8.0 |
| Маркетинг истражување | (4+2) | 8.0 | Информациони технологии | (4+2) | 8.0 |
| Маркетинг менаџмент | (4+2) | 8.0 | Јавни финансии | (6+0) | 8.0 |
| Маркетинг преку повеќе канали | (4+2) | 7.0 | Користење апликации преку интернет | (4+2) | 8.0 |
| Меѓународно финансиско известување | (4+2) | 8.0 | Корпоративно управување | (4+0) | 6.0 |
| Менаџмент информациони системи | (6+0) | 8.0 | Логистика | (4+2) | 8.0 |
| Менаџмент на е-бизнис I | (4+2) | 8.0 | Локални финансии | (4+0) | 6.0 |
| Менаџмент на е-бизнис II | (4+2) | 8.0 | Маркетинг комуникации | (2+4) | 8.0 |
| Методи на продажба | (4+0) | 6.0 | Маркетинг на трговски претпријатија | (4+0) | 8.0 |
| Наука за менаџмент | (4+2) | 8.0 | Маркетинг на услужни дејности | (4+2) | 8.0 |
| Однесување на потрошувачите | (4+0) | 8.0 | Маркетинг политика на цени | (6+0) | 8.0 |
| Општествено богатство и национални сметки | (4+2) | 6.0 | Математички методи | (4+2) | 8.0 |
| Основи на е-бизнис | (4+2) | 6.0 | Меѓународен менаџмент | (4+2) | 7.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основи на интернет архитектура | (4+2) | 8.0 | Меѓународен финансиски менаџмент | (4+0) | 6.0 |
| Основи на маркетинг | (6+0) | 8.0 | Менаџмент на мал бизнис | (4+0) | 8.0 |
| Политика на социјален развој | (6+0) | 8.0 | Менаџмент на човечки ресурси | (4+2) | 8.0 |
| Политика на технолошки развој | (6+0) | 7.5 | Микроекономија | (6+0) | 8.0 |
| Производен менаџмент | (4+2) | 8.0 | Монетарна економија | (6+0) | 8.0 |
| Промоција | (4+0) | 8.0 | Односи со јавноста | (4+0) | 6.0 |
| Регионална економија | (6+0) | 8.0 | Оптимализација во интернет окружување | (4+2) | 6.0 |
| Руски јазик I | (2+4) | 6.0 | Организација и дизајн на веб | (2+4) | 8.0 |
| Сметководствени информациони системи | (6+0) | 8.0 | Организациско однесување | (4+0) | 8.0 |
| Сметководство на јавниот сектор | (4+2) | 6.0 | Осигурување | (4+2) | 8.0 |
| Современи трендови во е-бизнис | (2+4) | 7.0 | Правни и етички аспекти на интернет | (4+0) | 7.0 |
| Сметководство на трошоци | (4+2) | 8.0 | Претприемништво | (4+0) | 8.0 |
| Теорија на организација | (6+0) | 6.0 | Применета економија | (6+0) | 8.0 |
| Трговско право | (4+0) | 9.0 | Проектен менаџмент | (6+0) | 7.0 |
| Управување со производот | (4+0) | 8.0 | Развој на економската мисла | (6+0) | 7.5 |
| Управувачко сметководство | (4+2) | 8.0 | Ревизија | (4+2) | 8.0 |
| Финансиски менаџмент | (6+0) | 8.0 | Руски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| Финансиски пазари и институции | (6+0) | 8.0 | Сметководствени контролни системи | (4+2) | 8.0 |
| Финансиско сметководство | (4+2) | 8.0 | Сметководство на банки и други финансиски институции | (4+2) | 6.0 |
| Фискален и монетарен систем на ЕУ | (4+0) | 8.0 | Социологија | (6+0) | 6.0 |
| Француски јазик I | (2+4) | 6.0 | Стратегиски маркетинг | (6+0) | 7.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Стратегиско сметководство на менаџментот | (4+2) | 6.0 |
| | Теорија на одлучување | (4+2) | 6.0 |
| | Управување со промени | (4+2) | 6.0 |
| | Управување со резултати | (4+0) | 6.0 |
| | Управување со ризик | (4+0) | 6.0 |
| | Управување со системите | (6+0) | 8.0 |
| | Управувачко сметководство | (4+2) | 8.0 |
| | Финансиска економетрија | (4+2) | 6.0 |
| | Финансиска математика | (4+2) | 6.0 |
| | Француски јазик II | (2+4) | 6. |
| | Хартии од вредност и портфолио менаџмент | (6+0) | 7.0 |